С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА КРУШЕВО
11.12.2019 год. Бр.XVII

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 42-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 10.12.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 42-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 10.12.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-1357/1 од 11.12.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 42-та седница, одржана на 10.12.2019 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 41-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 29.11.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1348/3 од 10.12.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Сл.весник на Р.М.” бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 12 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 10.12.2019 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Кривогаштани***

**Член 1**

**СЕ ПРИФАЌА Иницијативата** за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Крушево и Општина Кривогаштани , за вршење на работите од надлежност на општините, од страна на Општина Крушево, а за сметка на Опшина Кривогаштани, од надлежност на: одделението за урбанизам и заштита на животната средина како издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистичко плански документации и.т.н.

**Член 2**

Видот на работите кои ќе се исвршуваат, висината на надоместокот за извршените работи, времетраењето, како и условите за престанок на соработката и други релевантни прашања ќе бидат регулирани со Договор за меѓуопштинска соработка, склучен помеѓу Градоначалникот на Општина Крушево и Градоначалникот на Општина Кривогаштани.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1348/4 од 10.12.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Сл.весник на Р.М.” бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 12 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 10.12.2019 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Кривогаштани***

**Член 1**

**СЕ ПРИФАЌА Предлогот** за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Кривогаштани, за вршење на работите од надлежност на општините, од страна на Општина Крушево, а за сметка на Опшина Кривогаштани, од надлежност на одделението за урбанизам и заштита на животната средина како издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистичко плански документации и.т.н.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1348/5 од 10.12.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Сл.весник на Р.М.” бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 12 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 10.12.2019 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Кривогаштани***

**Член 1**

Советот на Општина Крушево го утврдува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка поднесен од Градоначалникот на Општина Кривогаштани бр.09-1609/1 од 18.11.2019 година за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Крушево, за вршење на работите од надлежност на општините, од страна на Општина Крушево, а за сметка на Опшина Кривогаштани, од надлежност на одделението за урбанизам и заштита на животната средина како издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистичко плански документации и.т.н.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Крушево, за сметка на Општина Кривогаштани врз основа на член 9 став 2 алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Сите трошоци поврзани со меѓоупштинската соработка ќе паднат на товар на Општина Кривогаштани.

**Член 4**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука се доставува до Општина Кривогаштани заради усвојување.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1348/6 од 10.12.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 183 став 3, 5 и 6 и член 194 од Законот за социјална заштита (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.104/2019 и 146/2019) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на сендицата одржана на 10.12.2019 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за предлог на член на УО во ЦСР-Крушево

1. За член на УО на Центарот за социјална работа Крушево, вработен во општинската администрација, Советот на Општина Крушево ја предлага:

- Еленица Љума;

2. Мандатот на членот на УО трае 4 (четири) години.

3. Решението влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од решението да се достави до Министерство за труд и социјална политика и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1348/8 од 10.12.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на сендицата одржана на 10.12.2019 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К

1. СЕ ЗАДОЛЖУВА администрацијата на Општина Крушево да побара мислење од Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, за степенот на штетност по однос на здравјето на населението од поставувањето на базната станица за 5џ. мрежата.

2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА Градоначалникот на Општина Крушево да организира средба со АД Македонски Телеком за да се изнајде решение околу поставената базна станица по добиеното мислење од АЕК.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување со Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1348/9 од 10.12.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

## С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна


1. Заклучок за објавување на актите донесени на 42-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………….. 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 41-та седница на Советот на Општина Крушево ……………………………………… 1
3. Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Кривогаштани …………………………… 1
4. Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Кривогаштани ………………………………2
5. Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Кривогаштани ………………………………2
6. Развојни Програми 2020-2022 година ….2
7. Решение за предлог на член на УО во ЦСР Крушево ………………………………………. 3
8. Заклучок по барање од група граѓани на Крушево ……………………………………….3


Редакциски одбор на Општина Крушево.